**Известување за концентрација со која Рубикс Груп Интернешнл Лимитед Англија, ќе стекне контрола врз Алл4Тецх ДОО Белград, и Алл4Тецх ДООЕЛ Скопје**

**(предмет бр. 08-177/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 10.12.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Рубикс Груп Интернешенл Лимитед со регистрирана канцеларија лоцирана во Акурист Хаус, улица Бејкер бр. 44, Лондон, Англија, има намера да стекне директна единствена контрола над Алл4Тецх ДОО Белград, со регистрирана канцеларија лоцирана на Љубана Једнака 1, поштенски код 11010 Воздовац-Белград, Србија, и Алл4Тецх ДООЕЛ Скопје, со регистрирана канцеларија лоцирана на ул. Перо Наков бр. 122А-1/кат 4, Скопје, Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Рубикс Груп Интернешенл Лимитед е претпријатие кое е дел од групација на претпријатија управувани или советувани од Адвент Интернешенл Корпорејшн (*Advent International Corporation*), со регистрирано седиште во Пруденшал Тауер, улица Бојлстон бр. 800, Бостон, МА 02199-8069 САД (*Prudential Tower, 800 Boylston Street, Boston, MA 02199-8069 USA*).

Адвент Интернешенл Корпорејшн е еден од најголемите и најискусни глобални инвеститори во приватен капитал. Адвент се фокусира на инвестиции во пет клучни сектори, имено бизнис и финансиски услуги; здравство; индустриски; малопродажба, потрошувачка и рекреација; и технологија, медиуми и телекомуникации. Адвент не е присутен во Северна Македонија преку ниту едно контролирано портфолио друштво.

Рубикс Груп Интернешенл Лимитед нема поврзани субјекти во Северна Македонија, но прометот го генерира од продажба на производи и услуги за индустриско одржување, поправка и ремонт.

Алл4Тецх ДОО Белград, основни дејности се состојат од неспецијализирана трговија на големо.

Алл4Тецх ДООЕЛ Скопје, основни дејности се состојат од трговија на големо со други машини и опрема.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како како **пазар за дистрибуција на производи и поврзани услуги за индустриско одржување, поправка и ремонт**.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и*

*Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

17.12.2025 година

Скопје